АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија, 3Q, 2015 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

На 30.9.2015 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на друштва за застапување во осигурување во третиот квартал (3К) 2015 година во споредба со претходниот период остана непроменет односно на вкупен број од 14 друштва (од кои 3 се деловни банки кои вршат работи на застапување во осигурување). Додека пак, бројот на осигурително брокерските друштва се зголеми за едно друштво (Акционерското друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје) со што вкупниот број на осигурително брокерски друштва изнесува 31.

Во 3К 2015 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 6,32 милијарди денари, што претставува раст од 7,83% во однос на БПП остварена во 3К 2014 година (3К 2014: 5,86 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 5,62 милијарди денари (3К 2014: 5,29 милијарди денари), или истата изнесува 89,04% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 6,34% во споредба со 3К 2014 година.

Во делот за осигурување на живот, што претставува 10,96% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 692,12 милиони денари (3К 2014: 568,67 милиони денари), што претставува зголемување од 21,71%.

Во вкупната остварена БПП во 3К 2015 година најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 52,32% (3К 2014: 54,80%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 44,07% (3К 2014: 45,98%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 8,25% (3К 2014: 8,83%). Потоа, следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 21,79% (3К 2014: 19,84%), осигурувањето на живот со 10,96% (3К 2014: 9,71%) и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 7,42% (3К 2014: 7,68%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на раст на премијата за автоодговорност од 3,36% со БПП 2,78 милијарди денари, осигурувањето на имот од 18,49% со БПП 1,38 милијарди денари, осигурувањето од незгода од 4,16% со БПП 468,42 милиони денари, осигурувањето од општа одговорност од 8,79% со БПП 161,23 милиони денари, како и осигурувањето од туристичка помош од 8,72% со БПП 151,13 милиони денари.

Во периодот 1.1.2015-30.9.2015 склучени се 938.916 договори при што се забележува пораст од 6,08% во однос на 3К 2014 кога беа склучени 885.084 договори. По класи на осигурување зголемување од 23,12% бележи осигурувањето од општа одговорност, потоа следи осигурувањето на имот со 11,05%, осигурувањето од туристичка помош со 9,41%,

осигурувањето од незгода со 8,23%, осигурувањето на живот со 3,96%, АО со 3,71% и осигурувањето на моторни возила (каско) со 2,27%. (Табела 1)

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија (во 000 МКД) | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3Q 2015 | 3Q 2014 | промена | 3Q 2015 | 3Q 2014 | промена |
| АО (вкупно) | 2.784.009 | 2.693.395 | 3,36% | 520.750 | 502.104 | 3,71% |
| Имот вкупно | 1.376.681 | 1.162.167 | 18,46% | 63.948 | 57.586 | 11,05% |
| Живот | 692.117 | 568.668 | 21,71% | 5.559 | 5.347 | 3,96% |
| Каско моторни возила | 521.222 | 517.069 | 0,80% | 31.688 | 30.985 | 2,27% |
| Незгода | 468.425 | 449.696 | 4,16% | 270.017 | 249.473 | 8,23% |
| Општа одговорност | 161.233 | 148.208 | 8,79% | 18.300 | 14.863 | 23,12% |
| Туристичка помош | 151.126 | 139.010 | 8,72% | 309.448 | 282.824 | 9,41% |
| Карго | 56.764 | 44.074 | 28,79% | 1.823 | 1.846 | -1,25% |
| Каско воздухоплови | 48.123 | 85.393 | -43,65% | 5 | 6 | -16,67% |
| Финансиски загуби | 42.249 | 32.502 | 29,99% | 172 | 65 | 164,62% |
| Одговорност воздухоплови | 6.623 | 10.907 | -39,28% | 25 | 27 | -7,41% |
| Здравствено | 4.296 | 2.901 | 48,09% | 288 | 251 | 14,74% |
| Одговорност пловни објекти | 2.479 | 1.888 | 31,30% | 745 | 468 | 59,19% |
| Гаранции | 829 | 1.575 | -47,37% | 160 | 208 | -23,08% |
| Каско пловни објекти | 756 | 820 | -7,80% | 28 | 28 | 0,00% |
| Правна заштита | 1 | 0 | 0,00% | 1 | 1 | 0,00% |
| **ВКУПНО** | **6.316.933** | **5.858.273** | **7,83%** | **938.916** | **885.084** | **6,08%** |

Друштвата за осигурување во текот на 3К 2015 година исплатиле бруто - износ на штети од 2,31 милијарди денари. Во споредба со 3К 2014 година бруто исплатените штети бележат раст од 10,42% (3К 2014: 2,08 милијарди денари). (Табела бр.2)

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети (во 000 МКД) | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3Q 2015 | 3Q 2014 | промена | 3Q 2015 | 3Q 2014 | промена |
| АО (вкупно) | 1.124.531 | 1.068.224 | 5,27% | 16.819 | 16.146 | 4,17% |
| Имот вкупно | 440.601 | 353.253 | 24,73% | 5.107 | 5.134 | -0,53% |
| Незгода | 267.058 | 258.252 | 3,41% | 5.067 | 4.785 | 5,89% |
| Каско моторни возила | 262.499 | 284.891 | -7,86% | 5.173 | 5.857 | -11,68% |
| Општа одговорност | 87.269 | 11.287 | 673,18% | 138 | 189 | -26,98% |
| Живот | 84.100 | 76.676 | 9,68% | 1.011 | 851 | 18,80% |
| Туристичка помош | 31.794 | 29.481 | 7,85% | 1.993 | 1.656 | 20,35% |
| Карго | 1.407 | 618 | 127,67% | 28 | 27 | 3,70% |
| Здравствено | 576 | 388 | 48,45% | 33 | 15 | 120,00% |
| Одговорност воздухоплови | 193 | 96 | 101,04% | 1 | 0 | 0,00% |
| Каско пловни објекти | 119 | 0 | 0,00% | 1 | 0 | 0,00% |
| Финансиски загуби | 111 | 84 | 32,14% | 45 | 55 | -18,18% |
| **ВКУПНО** | **2.300.258** | **2.083.250** | **10,42%** | **35.416** | **34.715** | **2,02%** |

На крајот на 3К 2015 година, во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 3. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 18,16% (3К 2014: 16,87%), Осигурување Македонија со 12,83% (3К 2014: 13,26%), Еуролинк со 12,37% (3К 2014: 10,15%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроација живот со 43,32% (3К 2014: 43,26%) и Граве со 41,63% (3К 2014: 42,87%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 47,97%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се осигурително брокерските друштва со 57,73%, а додека пак кај неживотното осигурување најзначаен канал е директната продажба со 51,72% (табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| | **неживот** | | **живот** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3К2015** | **БПП (во 000 МКД)** | **Учество** | **БПП (во 000 МКД)** | **Учество** | **БПП (во 000 МКД)** | **Учество** |
| Директна продажба | 2.908.010 | **51,72%** | 121.138 | 17,51% | 3.029.148 | **47,97%** |
| Осиг. брокерски друштва | 1.090.996 | 19,40% | 399.443 | **57,73%** | 1.490.439 | **23,60%** |
| Друштва за застапување | 523.894 | 9,32% | 84.540 | 12,22% | 608.434 | **9,64%** |
| Туристички агенции | 31.904 | 0,57% | 0 | 0,00% | 31.904 | **0,51%** |
| Автосалони | 6.062 | 0,11% | 0 | 0,00% | 6.062 | **0,10%** |
| Банки | 25.305 | 0,45% | 15.914 | 2,30% | 41.219 | **0,65%** |
| Застапници во осигурување | 894.530 | 15,91% | 70.903 | 10,25% | 965.433 | **15,29%** |
| Останати дистрибутивни канали | 142.106 | 2,53% | 0 | 0,00% | 142.106 | **2,25%** |
| **Вкупно** | **5.622.807** | **100,00%** | **691.938** | **100,00%** | **6.314.745** | **100,00%** |

На крајот на 3К 2015 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,23 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,18 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,01 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 168 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,43 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-30.9.2015 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 361,11 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 8 друштва остварија добивка во износ од 380,44 милиони денари, а додека пак 3 друштва остварија загуба во износ од 48,27 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 28,93 милиони денари, и тоа две друштва остварија добивка од 44,23 милиони денари, а две друштво прикажа загуба во износ од 15,30 милиони денари.

Со состојба на 30.9.2015 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,14 милијарди денари и покриваа 105,41% од техничките резерви кај овие друштва. Додека пак, кај друштвата коишто работат осигурување на живот, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 30.9.2015 година изнесуваат 2,54 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 101,82%.

Во 3К 2015 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (48,86%), депозити во банки (43,51%), удели во инвестициски фондови (4,62%), акции (0,83%) и во други финансиски инструменти (2,18%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (76,49%), банки (19,95%), инвестициски фондови (3,23%) и во други финансиски инструменти (0,32%).